ПАТРИМОНИУМ.МК, година 16, број 21 / 2023
УДК: 930.85(497.723)"14/15"



Ефросинија ПАРЕВСКА
*НУ „Завод и Музеј“ – Битола*
e.parevska@yahoo.com

# ТРАДИЦИЈА И ВЛИЈАНИЈА: ПРСТЕНИТЕ ОД ЕТНОЛОШКАТА ЗБИРКА НА НАКИТ НА НУ „ЗАВОД И МУЗЕЈ“ – БИТОЛА

***Клучни зборови:*** *прстени, типологизација, етнолошка збирка, симболика, функција*

***Апстракт:*** *Прстените спаѓаат меѓу најзастапениот и најомилениот накит од времето на неговото појавување, па сè до ден денес. Низ историјата на неговото постоење претставувал амулет, лек, украс, утилитарен предмет, како и статусно, родово и брачно обележје. Во склоп на народното облекување, прстените се неизоставен накит во составот на машкото и женско селско и градско облекло. Во етнолошката збирка на накит на НУ „Завод и музеј“ – Битола нивната бројност е околу педесет примероци, сите различни по форма, големина, украсување и начин на изработка. Во трудот е направен обид за нивна типолошка класификација и појаснување на нивната многузначна функција.*

Прстените се накит чија појава се поврзува со самите почетоци на уметничкиот накит, пред повеќе од четири илјади години.[1] Тие се носат на прстите на рацете, од каде што доаѓа и нивното име, најверојатно поради погодноста на местото.[2] Во доменот на народното китење и украсување на територијата на Македонија, прстените претставуваат задолжителен накит за раце, подеднакво застапен кај секој слој на население, без разлика на родот, културната средина, етничката или класната припадност.[3]

Семантички, прстените се поврзани со симболичките својства на нивната форма, односно, на кругот. Кругот е еден од најстарите универзални симболи, кој во себе содржи митолошка, магиска и небесна симболика, означувајќи време, единство, целина, бесконечност, вечност и цело циклично движење.[4] Во словенската митологија тој се јавува како граничник на затвореното пространство, дефинирајќи ја идејата на внатре и надвор, своето и туѓото.[5] Од овие негови особини произлегуваат и народните верувања во кругот како заштитник од зли сили,[6] а следствено на тоа и верувањата во заштитните и профилактички атрибути на прстените.

Во македонската традиционална култура прстените заземаат важно место како дополнителен украс на селската и градската носија, каде се вкрстени елементи и модни влијанија од Истокот и Западот, но и разни фолклорни верувања од магиско-апотропејска природа. Прстените ги среќаваме подеднакво кај двата пола и во зависност од носителот, неговата економска и општествена положба, како и намената на прстенот, произлегуваат извесни специфичности во изработката, украсите и видот на користениот материјал. Во народната култура исползувањето на прстените се врзува за разни дејствија со обредно-магиски карактер, како и за најзначајните обичаи и обреди на премин од животниот циклус на поединецот: раѓање, свадба и смрт. Еден од обичаите при раѓање е првото капење на новороденчето, како чин на прочистување. За таа цел во водата, „за

[1] Надежда Андрејевић-Кун (ед.), *Накит код Срба XII – XX век*, Београд 1969, Каталог од изложба (Београд: Музеј примењене уметности, 1969), 7.

[2] Елица Манева, *Средновековен накит од Македонија*, Скопје: Републички завод за заштита на спомениците на културата (1992), 79.

[3] Милена Петровиќ, *Накитот во Македонија*, Скопје: Каламус (2019), 107.

[4] Jean Chevalier & Alain Gheerbrant, *Rječnik simbola – mitovi, sni, običaji, geste, oblici, likovi, boje, brojeve, Zagreb: Nakladni zavod MH (1983), 320.*

[5] *Словенска митологија: Енциклопедиски речник*, edited by Светлана М. Толстој, Љубинко Раденковић (Београд: Zepter Book World 2001), 454-455.

[6] Гордан Николов (ед.), *Свето и профано во сребро оковано*, Скопје 2005, Каталог од изложба (Скопје: Музеј на Македонија, 2005), 11.



Сл. 1 – Прстен изработен од сребрена монета

здравје“ и чистота на новороденчето, се ставале сребрена монета и прстен, двете со кружна форма.[7] Исто така, за негова заштита и здравје често му се ставал прстен под главата, а се верувало и дека клетвите упатени кон новороденчето нема да се исполнат доколку неговата мајка носи прстен на раката.[8] Покрај заштитните обредни дејствија поврзани со новороденчето, во овој период родилката преземала и други превентивни мерки кои се однесувале на неа. Со цел да не го изгуби млекото, таа околу гушата носела прстен обесен на црвен конец.[9]

Во понатамошниот животен циклус, во свадбениот обред, покрај заштитната функција прстенот е и симбол на новиот социјален статус на младите.[10] Овој обред на премин започнува со свршувачката и давањето на свршеничкиот прстен.[11] Подоцна, на денот на свадбата, младата невеста низ прстен или сито, кое исто така е со прстенеста форма, го гледа младоженецот кога доаѓа заедно со сватовите, за да и биде верен во бракот.[12] Во некои краеви како Галичник, за време на гледањето, невестата истовремено ги изговара и зборовите: „Низ прстен те гледам, в срце да ти влезам“, како дополнителна „магична формула“. Покрај свршеничкиот прстен, за време на венчавката во црква младенците се прстенисуваат со венчални прстени – бурми, како симбол на нивната меѓусебна посветеност.[13] Според Е. Манева, во митолошко-магиска конотација овие прстени – свршеничкиот и бурмите, се врзуваат за личниот живот на поединецот.[14] Истите тие прстени, подоцна на крајот од животниот циклус се погребуваат заедно со покојникот, за да можат брачните партнери да си се најдат на „оној свет“,[15] но и како печат и затворање на животниот круг на единката.

**Прстените од етнолошката збирка на накит на НУ “Завод и музеј“ - Битола**

Прстените од етнолошката збирка на накит на НУ „Завод и музеј“ – Битола се најбројниот и најзастапениот накит во неа и бројат педесет и еден

[7] Лилјана Макаријоска, *Лексиката на македонската традиционална култура*, Скопје: Винсент графика (2014), 10.

[8] *Словенска митологија: Енциклопедијски речник*, 454.

[9] Ангелина Крстева, „Народната медицина“, во: *Етнологија на Македонците*, edited by Крум Томовски, Галаба Паликрушева, Ангелина Крстева (Скопје: МАНУ 1996), 249.

[10] *Словенска митологија: Енциклопедијски речник*, 454.

[11] Ѓорѓи Здравев, „Македонските народни носии според намената и функцијата“, во: *Етнологија на Македонците*, edited by Крум Томовски, Галаба Паликрушева, Ангелина Крстева (Скопје: МАНУ 1996), 190.

[12] Гордан Николов (ед.), *Свето и профано во сребро опковано*, 13.

[13] *Словенска митологија: Енциклопедијски речник*, 454.

[14] Елица Манева, *Средновековен накит од Македонија*, 79.

[15] Лилјана Макаријоска, *Лексиката на македонската традиционална култура*, 21.



Сл. 2 – Прстен со хоризонтално проширување на кариката каде е аплициран двоглав орел

примерок.[16] При нивното проучување наидуваме на проблеми во хронолошкото и просторното определување. Од една страна, точна датација е тешко да се направи со оглед на повторувањето, односно, конзерватизмот на формите и на декорацијата низ вековите на производство, а од друга, постојат одредени типови чијашто хронолошка припадност е во постара епоха, но со фамилијарното предавање на накитот преминале во народен накит. Постоењето на многубројни хибридни форми, исто така, само го усложнува процесот. Воопшто, кога се работи за прстените како тип на накит, во научната литература можат да се најдат многубројни класификации, сите направени според личните критериуми на авторот. Поради овие причини се чувствува потреба за едно подолго студиско истражување на примероците кои се дел од споменатата збирка.

За потребите на овој труд типолошката диференцијација ја направивме врз основа на нивните морфолошки особини, но и според застапената декорација и начинот на изработка, од причина што многу од типовите меѓусебно се допираат и преплетуваат. Прстените кои припаѓаат на битолската музејска етнолошка збирка морфолошки може да се поделат во четири поголеми групи и тоа:

- алки: лентести и со хоризонтално проширување на кариката;

- печатни и монограмни прстени;

- прстени со нагласен украсен горен дел - глава и рамена: прстени со сплосната глава, прстени со конусна глава, масивни столоват или столести прстени,[17] прстени со украсни камења, филиграмски прстени;

- прстени кои не припаѓаат на ниту една од горенаведените групи.

Првата група на прстени, лентести алки и алки со хоризонтално проширување на кариката, брои десет парчиња. Поделбата на две подгрупи е направена поради малата варијација во однос на изработката, што е видливо и во самите имиња на подгрупите. Лентестите алки се составени од една лента со еднаква ширина и дебелина, поточно, тие се формирани од основниот елемент на прстенот, а тоа е кариката. Оваа форма е присутна илјадници години, а во денешно време ги озна-

[16] Етнолошката збирка „Накит и предмети за лично украсување“ на НУ „Завод и музеј“ – Битола брои околу четиристотини примероци на предмети за украсување на селската и градска носија од XVIII до првите децении на XX в. од Битола и битолско и регионите на Мариово, Ресен и Демир Хисар. Збирката во 2007 г. е прогласена за културно наследство од особено значење, поткатегорија големо значење според Правилникот за валоризација, категоризација и ревалоризација на културното наследство.

[17] Во стручната литература во Македонија и Балканот, за овие прстени е нашироко прифатен нивниот назив столоват, но некаде во кујунџиската пракса се јавуваат и под името столести прстени, најверојатно поради суфиксот „ест(и)“ кој им дава македонски призвук (cf. Вангел Деребан, *Македонскиот накит*, Битола: Микена,1997)



Сл. 3 – Машки прстен печатник



Сл. 4 – Женски прстен печатник

чува венчалните прстени – бурми.[18] Подгрупата на лентести алки се состои од четири примероци, скоро сите изработени во техника на лиење. Меѓусебната разлика кај овие примероци е во однос на материјалот (сребро, посребрен метал, легура на сребро, бронза) и видот и застапеноста на декоративните елементи. Од вкупно четири, декоративно се украсени два, со геометриски и растителни орнаменти соодветно, изведени во техника на гравирање. Еден прстен кој отскокнува во оваа подгрупа, во поглед на материјалот од кој е изработен, е прстенот исечен и оформен од монета со ликот на кнез Милан М. Обреновиќ **(Сл. 1)**.

Алките со хоризонтално проширување на карикатa, како што кажува нивното име, се прстени чиј обрач на горниот дел се проширува со лиење, формирајќи овална или правоаголна глава, најчесто украсена со геометриски мотиви. Декоративните елементи застапени на главата, во одредени случаи преминуваат и на рамената на прстените, и се изведени со врежување или пунцирање. Оваа подгрупа брои шест прстени, од кои два можеби формираат засебна група, со оглед на нивните хералдички особини, особено еден од прстените кој наместо со геометриски форми е декориран со двоглав орел **(Сл. 2)**.

Печатните и монограмни прстени во збирката ги има само три на број и сите се изработени од посребрен бакар. Анализирајќи ги, може да се забележи дека постојат разлики во формата и украсувањето, но не и во начинот на орнаментирање. Варијациите најверојатно се поради намената на прстенот и полот на носителот, и затоа овие три примероци можеме да ги поделиме на еден машки и два женски прстена. Машкиот прстен има кружна глава, нема дополнителни украси и на него има натпис “ΔiNo”, кој во превод на грчки значи „јас давам“, „јас овластувам“ или „јас дозволувам“, што најверојатно укажува на лице со одредени ингеренции (**Сл. 3**).[19] Кај женските печатни прстени, главите се осмоаголни и на рамената се застапени флорални украси изведени во техника на гранулација (**Сл. 4**). На едниот од нив главата му е поткитена со трепетушки[20], при што е акцентиран апотропејскиот елемент на прстенот.[21] Што се однесува на орнаментиката, главата кај сите три, со врежување на хоризонтални линии е поделена на три делови, во чиј средиштен дел се наоѓа натписот или монограмот изведен како негатив, а во

[18] Елица Манева, *Средновековен накит од Македонија*, Скопје: Републички завод за заштита на спомениците на културата (1992), 83.

[19] Ефросинија Паревска, „Симболика и значење на два прстени печатници од средината на 19 век во Битола,“ *Зборник на трудови* 23 (2020): 87-88.

[20] Трепетушки, трепки или трепетајки се украси својствени за фолклорниот накит во тркалезна, листовидна, правоаголна или срцевидна форма, кои со помош на алки и синџирчиња „висат“ и го поткитуваат (доукрасуваат) накитниот предмет (cf. Милена Петровиќ, *Накитот во Македонија*, 83)

[21] Во народната култура постои верување дека гласните звуци произведени со пукање, тропање, ѕвечкање (звук каков што се слуша од трепетушките), удирање метал од метал итн, ги „плашат демоните“ и ги заштитуваат луѓето од зли сили (cf. Едмунд Шневајс, „Апотропејски елементи у свадбеним обичајима код Срба и Хрвата,“ *Гласник Етнографског музеја у Београду 2 (1927): 23)*



Сл. 5 – Прстен со голема сплосната глава со изведба на двоен крст и кружни мотиви на неа

останатите делови се застапени геометриски орнаменти (штрафирано поле, крст, сонце, ѕвезди) и годината на изработка.

Историски гледано, едни од првите пронајдени прстени се токму прстените со печат или прстените печатници од египетските гробници, кои служеле за автентикација на документи од страна на носителот.[22] Се користеле за извршување на религиозни, правни и трговски транскации и му давале одреден правен авторитет на сопственикот. Со печатните прстени носителот давал потврда за некои дејствија од делокругот на своето живеење.[23] Поради тоа овие прстени претставувале симбол за голема моќ, просперитет и висок ранг и во минатото биле носени исклучиво од влијателни членови во општеството.[24] Но, кога се работи за територијата на Македонија и пошироко на Балканот, стручната литература ни дава малку поинакви информации. Во истражувањата на Е. Манева прстените печатници се спомнуваат како накит кој бил носен од сите, мажи, жени, највисоки до најниски слоеви.[25] Според неа, нискиот слој или обичните селани нив ги користеле наместо потпис.[26] Теренските истражувања на Ѓ. Тешиќ во првата половина на XX век само го потврдуваат тоа, спомнувајќи ги прстените печатници како потпис и печат на неписменото население, секако, покрај останатите нивни функции.[27]

Третата група на прстени, прстени со нагласен украсен горен дел, е воедно и најголемата во збирката, па затоа, според физичките „предиспозиции“ е поделена на повеќе подгрупи. Една подгрупа се прстените со сплосната глава. Ним изгледот им е таков што главата спрема кариката е со многу поголеми димензии и е сплосната во вид на плоча, со кружна или елипсовидна форма. Кариката и главата се изработени посебно, а потоа се споени меѓусебно со лемење. Од вкупно три примероци, два се украсени на површината на главата со разни врежани геометриски украси. Од нив, еден прстен особено се истакнува. Неговите релјефни крстолики декорации, покрај очигледната апотропејска функција,[28] изгледаат многу префинето, па и хералдички. (**Сл. 5**).

Во подгрупата на прстени со конусна глава има четири на број, односно, може да се каже дека тоа се два пара од два идентични прстени. На сите четири главата им е во форма на конус

[22] Ring, https://www.britannica.com/ (посетено на 30.5.2023).

[23] Елица Манева, *Средновековен накит од Македонија*, 80.

[24] Ефросинија Паревска, „Симболика и значење на два прстена печатиници од средината на 19 век, во Битола“, 86.

[25] Елица Манева, „Два честита прстена-печатника на неиндификувана личност во XVI век од Водоча“,*Годишен зборник на Филозофскиот факултет* 60 (2007): 391.

[26] *Ibid.*

[27] Ђорђе Тешић, „Народни накит XIX века према збирци Етнографског музеја у Београду“, *Гласник Етнографског музеја у Београду* 26 (1963): 265.

[28] Крстот како симбол во македонската народна култура е во употреба од раѓањето до смртта. На накитот пред сè е знак за религиската и општествената припадност, но истовремено е и заштитник (апотропеон) од лоши очи, разни болести и демони (cf. Гордан Николов (ед.), *Свето и профано во сребро опковано*, 10).



Сл. 6 – Прстен со конусна глава – псевдофилигран



Сл. 7 – Прстен „столоват“ украсен со крст и гранули на главата

или пирамида, но се разликуваат во квалитетот на изработка и застапените декоративни елементи. Едниот пар на прстени е изработен од легура, која потоа е обоена во сребрена боја, а другите два прстени се изработени од бронза, со траги на посребрување и украсени на рамената и главата со гранули изведени со псевдофилигран (**Сл. 6**). По нежниот изглед и гранулите оформени како цветови, заклучуваме дека овие прстени им припаѓале на женски прсти.

Масивните столоват или столести прстени, како што ги сретнуваме во стручната литература, формираат можеби своја засебна група со оглед на нивните техничко-конструктивни одлики и уникатен изглед. Називот *столоват* доаѓа од српскиот збор за маса - „сто“, од причина што нивната големина не дозволувала да се носат во секојдневието и се носеле исклучиво за свечености, на „свечена“ трпеза.[29] Според намената, одговараат на таканаречените *granaši*[30], кои биле употребувани како невестински прстени.[31] Бојана Радојковиќ ги датира столоват прстените во XVIII в. како невестински прстени, иако постојат податоци дека се појавиле уште во XVI в., а својот подем го доживеале во XVII и XVIII век.[32]

Битолскиот музеј поседува десет масивни столоват прстени. Тие се изработени од бакар, бронза и сребро, со позлата на главата. Како што напоменавме, сите тие имаат заеднички техничко-конструктивни одлики и меѓусебно се разликуваат единствено во украсите на карикатa и главата кои се изведени во техника на псевдофилигран и псевдогранулација. Столоват прстените обично се составени од шест, ретко седум делови, меѓусебно составени со лемење. Главата на овој тип на прстени изгледа како потсечен цилиндер, кој е целосно орнаментиран, некогаш поткитен со трепетушки, а онаму каде што се залемува главата со карикатa се аплицирани мали розети. Украсни елементи се видливи и на самата карика, изведени со лиење во форма на плетенка, меандрични линии, низа од кругови или едноставно таа е декоративно поделена со уште една линија. Карикатa е рамна кај сите примероци и не се проширува кон главата. Ободот на цилиндарот е исто така украсен со плетенка или меандрична линија и ретко на него е поставена лента од тордирана жица. Украсувањето на површината на главата на овие прстени е застапено во три варијанти. Еден начин на украсување на главата е крст изведен со псевдогранулација, кој ја дели главата на четири по-

[29] Бојана Радојковић, *Накит код Срба од XII до краја XVIII века,* Београд: Музеј примењене уметности (1969), 244.

[30] Гранашите се прстени изработени од месинг, со голема глава на која се аплицирани повеќе зрна од разнобојно брусено стакло. Тие се својствени за територијата на Босна и Херцеговина и во битолската етнолошка збирка нема нивни претставници. (cf. Ђорђе Тешић, „Народни накит XIX века према збирци Етнографског музеја у Београду“, 267)

[31] Мирјана Маринковић & Ирена Цвијановић, „Оријентално прстење из збирке етнографског музеја у Београду“, *Гласник Етнографског музеја у Београду* 76, (2012): 296.

[32] Бојана Радојковић, *Накит код Срба од XII до краја XVIII века,* 244; Братислава Владић-Крстић, *Сеоски накит у Босни и Херцеговини у XIX и првој половини XX века*, Београд: Етнографски музеј у Београду (1995), 592.



Сл. 8 – Прстен „столоват“ украсен со гранула и концентрични кругови на главата и поткитен со трепетушки



Сл. 9 – Прстен „столоват“ украсен со цветни орнаменти на главата

лиња, во чија средина е аплицирана по уште една гранула (**Сл. 7**). Втората варијанта на украсување е изведена розета со концентрични кругови околу неа добиени со лиење и псевдогранулација или тордирана жица (**Сл. 8**). Третиот начин на украсување на главата е повторно розета или мала гранула во центарот, омеѓени со цветни листови изведени со псевдогранулација (**Сл. 9**).

Столоват прстените биле во широка употреба низ подрачјето на Централен Балкан. Работилниците за нивна изработка ги имало многу, особено во Црна Гора.[33] За жал, веќе во XIX в. се исфрлуваат од употреба, па со отворањето на музеите во XX в., поради оскудноста на податоците била намалена можноста за нивна научна обработка.[34]

Прстените со украсни камења се најшареновидната група на прстени во збирката. Заедничко за нив е вметнувањето на скапоцени или полускапоцени камчиња, или пак, стаклена паста која треба нив да ги имитира (**Сл. 10**). За жал, поради оштетување кај дел од нив им недостигаат украсните камења. Во збирката на број се дванаесет и сите се изработени во различна техника и од различен материјал: бронза, сребро, легура на сребро, посребрен и позлатен метал, и слонова коска. Овие прстени најмногу биле носени во градската средина, како надополнување на градските костуми „ала турка“ и „ала франга“, па затоа слободно може да ги наречеме и градски прстени.[35]

Филигранските прстени, како што кажува нивното име, се прстени изработени пред сè во техника на филигран и делумно во техника на гранулација. Материјалите од кои се направени се сребро, легура на сребро и посребрен метал, а мал дел се и со позлата. Застапените шест парчиња во збирката се сите од типот на прстени *кубелии*, освен еден чија глава е изработена во форма на цвет. Кубелија е турско-арапски назив втемелен во кујунџиската практика, но и во стручната литература и се однесува на самиот облик на овие прстени.[36] Имено, тие се состојат од карика и голема глава во форма на купола - „кубели“ или „кубе“, целосно украсена со филигранска жица и гранули во разни големини (**Сл. 11**). На местото каде што се спојуваат главата и кариката, таканаречените рамена, исто така се застапени декоративни елементи изведени со филигран и гранулација. Кај некои од прстените е видливо украсување и на кариката со тордирана жица. Во основа, овој тип на прстени припаѓаат на прстените од цветен тип, изработени во духот на источното златарство и претежно биле носени од муслиманското население.[37]

Последната група на прстени се состои од три меѓусебно различни прстени, кои не можат да се сместат во ниедна од горенаведените групи

[33] Елица Манева, *Средновековен накит од Македонија*, 91.

[34] Братислава Владић-Крстић, *Сеоски накит у Босни и Херцеговини у XIX и првој половини XX века*, 591.

[35] Ђорђе Тешић, „Народни накит XIX века према збирци Етнографског музеја у Београду“, 268.

[36] Братислава Владић-Крстић, *Сеоски накит у Босни и Херцеговини у XIX и првој половини XX века*, 599.

[37] *Ibid*, 600.



Сл. 10 – „Градски“ прстен со вметнат скапоцен камен



Сл. 11 – Филигрански прстен „кубелија“



Сл. 12 – Стреличарски прстен



Сл. 13 – Венчален прстен од ориентален тип



Сл. 14 – Прстен "бадемлија"

и подгрупи. Сите три се и хронолошки и технолошки-конструктивно различни, како и наменски. Доколку во овој труд хронолошки ги подредиме за обработка, прв ќе го спомeнеме таканаречениот стреличарски прстен. Овој прстен ѝ припаѓа на претходната средновековна епоха, но најверојатно со предавање на накитот генерациски во рамките на едно семејство, или пак како случаен наод, се трансформирал во народен накит. Во средниот век овој тип на прстени имале утилитарна намена, односно, биле носени на палецот и користени заедно со лак и стрела, од каде што е и називот. Со нивна помош се оптегнувал лакот, па така, намената ја диктирала и формата на овој тип на прстени. Музејскиот примерок е изработен од бронза, со вегетабилни украси во плиток релјеф, изведени со врежување (**Сл. 12**).

Вториот прстен од оваа група е и најлуксузниот. Станува збор за масивен венчален прстен од ориентален тип, целосно изработен од сребро, во техника на лиење, ниело и псевдогранулација (**Сл. 13**). Кариката кај овој прстен е широка, украсена со мали гранули и на горниот дел значително се проширува во форма на круна. „Круната" е украсена во техника на ниело со лозанки/лозички и гранчиња, освен во неговиот централен дел каде истата орнаментика е изведена со исчукување во плиток релјеф.

Последниот прстен од оваа група е воедно и последниот обработен прстен од збирката. Се работи за прстен бадемлија, наречен според неговата истакната глава во форма на бадем или палмета, која е иста како обликот на бадемастите/листовидните пафти. Овој прстен припаѓа на група на типично женски прстени, носени од сите етнички заедници на Балканот.[38] Тој е изработен од бронза со траги на посребрување, со растилени украси на рамената во псевдофилигран и геометриски врежувања на самата глава, кои треба да го доловат изгледот на лист или палмета (**Сл. 14**).


*Резиме*

Низ вековите на постоењето на накитот, прстените со нивната многузначна функција се единствениот константен тип на накит во однос на нивната употреба и симболичко значење. Тие воедно се и највпечатливиот накит за раце, особено кога се работи за народното китење и украсување на Балканот, а со тоа и во Македонија. Биле носени како од христијанското, така и од муслиманското и еврејското население, без разлика на полот и старосната група, прилагодени на духот, потребите и естетските сфаќања на времето на нивното исползување. Се употребувале како украс, амулет, лек, родово, статусно и брачно обележје, и утилитарен предмет. Овие разновидни содржини на прстените ја условиле и нивната разновидност, во поглед на изгледот и начинот на изработка и украсување. Врз основа на достапниот материјал од етнолошката збирка на НУ „Завод и музеј" – Битола извршивме типолошка класификација на оваа многубројна „шареновидна" група на прстени, направена според нивните морфолошки особини. Меѓутоа, со оглед на многукратната симболичка функција на прстените и важното место кое тие го заземаат во материјалната и духовна култура, овој труд претставува, условно кажано, основа за нивно понатамошно детално студиско истражување.


[38] *Ibid*.

**Библиографија**

Андрејевић-Кун, Надежда (ед). *Накит код Срба XII – XX век,* Београд 1969, Каталог од изложба. Београд: Музеј примењене уметности, 1969.

Владић-Крстић, Братислава. *Сеоски накит у Босни и Херцеговини у XIX и првој половини XX века*. Београд: Етнографски музеј у Београду, 1995.

Деребан, Вангел. *Македонскиот накит*. Битола: Микена, 1997.

Здравев, Ѓорѓи. „Македонските народни носии според намената и функцијата", во: Етнологија на Македонците. Edited by Крум Томовски, Галаба Паликрушева, Ангелина Крстева. Скопје: МАНУ,1996, 185-198.

Крстева, Ангелина. „Народната медицина", во: Етнологија на Македонците. Edited by Крум Томовски, Галаба Паликрушева, Ангелина Крстева. Скопје: МАНУ,1996, 247-256.

Макаријоска, Лилјана. *Лексиката на македонската традиционална култура*. Скопје: Винсент графика, 2014.

Манева, Елица. *Средновековен накит од Македонија*. Скопје: Републички завод за заштита на спомениците на културата, 1992.

Манева, Елица. „Два честита прстена-печатника на неиндификувана личност во XVI век од Водоча", *Годишен зборник на Филозофскиот факултет* 60 (2007): 383-395.

Маринковић Мирјана & Ирена Цвијановић. „Оријентално прстење из збирке етнографског музеја у Београду", *Гласник Етнографског музеја* 76 (2012): 293-301.

Николов. Гордан (ед.). *Свето и профано во сребро опковано*, Скопје 2005, Каталог од изложба. Скопје: Музеј на Македонија, 2005.

Паревска, Ефросинија. „Симболика и значење на два прстена печатници од средината на 19 век, во Битола", *Зборник на трудови* 23 (2020): 85-91.

Петровиќ, Милена. *Накитот во Македонија*. Скопје: Каламус, 2019.

Радојковић, Бојана. *Накит код Срба од XII до краја XVIII века.* Београд: Музеј примењене уметности, 1969.

*Словенска митологија: Енциклопедијски речник*. Edited by Светлана М. Толстој, Љубинко Раденковић. Београд: Zepter Book World, 2001.

Тешић, Ђорђе. „Народни накит XIX века према збирци Етнографског музеја у Београду", *Гласник Етнографског музеја у Београду* 26 (1963): 239-279.

Шневајс, Едмунд. „Апотропејски елементи у свадбеним обичајима код Срба и Хрвата," Гласник Етнографског музеја у Београду 2 (1927): 21-27.

Chevalier Jean & Alain Gheerbrant. *Rječnik simbola – mitovi, sni, običaji, geste, oblici, likovi, boje, brojeve. Zagreb: Nakladni zavod MH, 1983.*

Ring, https://www.britannica.com/ (посетено на 30.5.2023).

ЛЕГЕНДИ: (Сите фотографии во склоп на трудот се преземени од Центарот за фотодокументација на НУ „Завод и музеј" – Битола)

Efrosinija PAREVSKA

**TRADITION AND INFLUENCES: RINGS FROM THE ETHNOLOGICAL COLLECTION OF JEWELLERY OF NI INSTITUTE AND MUSEUM OF BITOLA**

*Summary*

Throughout the centuries of the existence of jewellery, the rings with their multiple functions are the only constant type of jewellery in terms of their use and symbolic meaning. They are also the most impressive hand jewellery, especially when it comes to folk adornment and decoration in the Balkans and thus in Macedonia. They were worn by the Christian, Muslim and Jewish population, regardless of gender and age group, adapted to the spirit, needs and aesthetic sensibilities of the time in which they were worn. Rings were used as ornaments, amulets, medicine, gender, status and marriage symbol, and as utilitarian objects. These different contents of rings conditioned their diversity in terms of appearance and method of manufacture and decoration. Based on the available material from the ethnological collection of the NI Institute and Museum of Bitola, we have made a typological classification of this numerous "colourful" group of rings according to their morphological characteristics. However, considering the multiple symbolic functions of rings as jewellery and the important place they occupy in material and immaterial culture, this paper provides only a limited basis for their further detailed scientific study.